ЈП стрежево

Битола

# ФИНАНСИСКИ ПЛАН ЗА 2023 ГОДИНА



БИТОЛА, ДЕКЕМВРИ 2022 ГОДИНА

Ул. „Бул. 1 ви Мај“ бр. 77,  7000 Битола тел. 047 207 816, факс 047 207 836

**ФИНАНСИСКИ ПЛАН ЗА 2023 ГОДИНА**

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
"СТРЕЖЕВО"
БР 05-805/1
28.12 20 22 ГОД.
БИТОЛА

Изработил: *Раководител на*
*Сектор за финансии*
*Ангелевски Љупчо дипл.ек.*

Одобрил: *Директор*
*Методија Граматковски д.е.и.*

**С О Д Р Ж И Н А**


| | | |
|---|---|---|
| ➢ | Основни податоци за ЈП „Стрежево“ – Битола | стр.1 |
| ➢ | Организациона поставеност | стр.2 |
| ➢ | Финансиски план за водостопанска дејност | стр.3 |
| ➢ | Финансиски план за дејноста производство на електрична енергија | стр.14 |
| ➢ | Финан.план за дејноста производство на риби - аквакултура и продажба | стр.18 |
| ➢ | Финансиски план за работењето со спортските објекти | стр.24 |
| ➢ | Рекапитулација на вкупното финансиско работење | стр.30 |

**ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА ЈП „СТРЕЖЕВО“ - БИТОЛА**

Јавното претпријатие „Стрежево“ - Битола е конституирано како правен субјект во 1978 година со цел долгорочно решавање на проблемот со недостиг од вода во градот Битола и поширокиот регион. Со изградбата на Собирниот канал, акумулацијата со Браната „Стрежево“ и придружните објекти чиј капацитет е акумулирање на над 120.000.000 $м^3$ вода, Главниот доводен канал, Деталната цевководна мрежа и останатите хидротехнички објекти и инфраструктура потребни за нормално функционирање на Хидросистемот „Стрежево“, се створија услови за решавање на проблемот од недостиг на вода во градот Битола и пошироко во Битолскиот регион. Од 13.11.2001 година како правен субјект за вршење на дејности од јавен интерес, со одлука на Владата на Република Македонија број 23-6635/02, претпријатието се трансформира во Јавно претпријатие „Стрежево“ - Битола.

Од надлежностите кои произлегуваат од вршењето на водостопанската дејност на ЈП „Стрежево“ за економично стопанисување, користење, функционирање, одржување и контрола на системот, произлегуваат и целите и задачите на јавното претпријатие:

- Зафаќање и доведување на водите до акумулацијата;
- Снабдување со вода за наводнување и останати технолошки потреби на ЗК „Пелагонија“ и останати земјоделско - сточарски корисници;
- Снабдување со сурова вода на јавното комунално претпријатие „Водовод“ – Битола за водоснбдување на населението„Водовод“, за понатамошно задоволување на потребите на населението и индустријата од вода за пиење и технолошка вода;
- Снабдување со сурова непреработена вода за индустриски и технолошки потреби на РЕК „Битола“, и останати дирекни индустриски корисници.

Други дејности кои се вршат во рамките на ЈП „Стрежево“ се:

- Производство и продажба на електрична енергија од пет хидроцентрали со вкупна инсталирана снага од 3,71 MW и проектирано годишно производство од 11.220.000 kWh електрична енергија, а во 2023 година од август месец планирано е да почне со работа и фотонапонската централа со инсталирана снага од 0,50 MW и проектирано годишно производство од 712.000 kWh електрична енергија ;
- Аквакултура, односно одгледување и продажба на виножитна пастрмка, како и продажба на други видови на риба, конзервирана риба и производи од риба;
- Стопанисување со Ски центарот „Ниже -Поле“, со два ски-лифтови и чајџилница, како и со објекти за спорт и рекреација, базен и останати спортски објекти.

Управувањето на претпријатието го врши Управен одбор составен од седум членови и Надзорен одбор составен од три членови, кои се именувани од Владата на Република Северна Македонија.

Со јавното претпријатие раководи Директор на јавното претпријатие, назначен од Управниот одбор.

## ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО

За што поефикасно и порационално стопанисување со ресурсите, работењето во ЈП „Стрежево“ – Битола, организационо е поставено:

I. Менаџмент;

II. Даватели на услуги со помошно - технички персонал: 1.Сектор за зафаќање, акумулирање, заштита и мониторинг на води; 2.Сектор за управување и регулација на хидросистемот; 3.Сектор за детална цевководна мрежа; 4.Сектор за производство и продажба на електрична енергија, електроника и автоматика; 5.Сектор за машинство и експлоатација на возила; 6.Сектор за експлоатација и контрола на системот;

III. Администрација: 1.Сектор за општи и правни работи и човечки ресурси; 2.Сектор за финансиско работење; 3.Сектор за комерцијално работење.

Во претпријатието работните задачи и активности од 01.01. 2023 година ќе ги извршуваат 223 вработени на неопределено време. Образовната структура на вработените во ЈП „Стрежево“ е дадена во табеларниот приказ:

| НКВ | ВКВ | ССО | ВШО | ВСО | М-ри | Д-ри | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 19 | 3 | 137 | 6 | 46 | 12 | | 223 |

Во 2023 година согласно законските одредби за одење во пензија ќе се пензионираат 9 вработени. Имајќи го во предвид тоа и согласно утврдените потреби за нови вработувања, во 2022 година планирано е да се изврши вработување на определено и неопределено време на вкупно 12 извршители (даватели на услуги), по динамика и позиции согласно потребите на јавното претпријатие.

Вкупните приходи на ЈП „Стрежево“ - Битола **за сите дејности** во 2023 година планирано е да се зголемат во однос на 2022 година за 0,52 индексни поени и би изнесувале 271.678.138 денари, а вкупните расходи е планирано да се намалат за 6,13 индексни поени и би изнесувале 464.890.889 денари. Деловниот резултат е планиран негативен и би изнесувал -193.212.750 денари. Вкупните расходи **без амортизација** изнесуваат 213.872.481 денари. Деловниот резултат **без амортизација** е планиран **позитивен** и би изнесувал **57.805.658** денари, ***подетално прикажано на страна 30 и 31 од финансискиот план.***

Како основа за Финансискиот план на ЈП „Стрежево“ се земени и очекуваните макроекономски движења во 2023 година, стапката на инфлација и курсот на денарот во однос на еврото, како едни од претпоставките за остварување на финансиските резултати во планот за 2023 година.

Мора да се нагласи дека економските предвидувања за 2023 година претставуваат особен предизвик најповеќе поради енергетската криза која е присутна во целиот свет како последица на војната во Украина.

* **Забелешка:** ***Податоците за реализираното во 2022 год. се со состојба на 31.10.2022 и предвидени за периодот до 31.12.2022 година.***

**ВОДОСТОПАНСКА ДЕЈНОСТ**

Во акумулацијата „Стрежево“ заклучно со 20.12.2022 година, акумулирани се 50.638.000 м3 вода (кота 717,25 мнв). Со внимателно управување со водите и акумулирање на дополнителни количини вода во наредниот период, ќе можат да се задоволат потребите од вода на сите водокорисници во наредната сезона. Глобалните климатски промени во последните години доведоа до зголемена потрошувачка на вода со што само се потврдува огромното значење и неопходноста од акумулацијата „Стрежево“ за развој на регионот.

Со економично стопанисување, користење, функционирање, одржување и контрола на системот, се очекува да се обезбеди целосно задоволување на потребите за:

- снабдување со вода за наводнување на индивидуалните корисници и на правните лица;
- снабдување со сурова вода на „Водовод“ - Битола за водоснабдување на населението, претпријатијата, установите и други субјекти со вода за пиење, како и за технолошки и други потреби.
- снабдување со вода за индустриски и технолошки (стопански) потреби на РЕК „Битола“ - Битола, Ф-ка за квасец, Млекара АД Битола и останатите индустриски капацитети.

Во 2023 година вкупните површини под системот за наводнување изнесуваат 19.117 ха, и тоа 10.129 ха во посед на правни лица (ЗК „Пелагонија“, „Лозар - Пелистерка“ АД Скопје, Земјоделски Училишен Центар „Борис Кидрич“ - Битола, Казнено Поправна Установа - Битола, Комуналец - Битола и други), Општина Битола и 8.988 ха во посед на индивидуални земјоделци. Од овие површини планирано е да се наводнуваат вкупно 5.561 ха од кои 3.258 ха во посед на правни лица и 2.303 ха во посед на индивидуални земјоделци. Според прифатените нето норми по култури, за наводнување на планираните површини потребни се 21.018.322 $м^3$ вода.

За водоснабдување на Битола преку ЈКП „Водовод“ - Битола планирано е да се обезбедат и да се испорачаат 5.000.000 $м^3$ вода, од кои 3.400.000 $м^3$ за потребите на домаќинствата и установите, и 1.600.000 $м^3$ за потребите на претпријатијата (индустриските капацитети).

За снабдување на РЕК „Битола“ со потребните количини на вода, во планот е предвидено да се обезбедат 12.000.000 $м^3$ вода, додека за потребите на другите директни индустриски корисници, како Ф-ка за квасец потребни се 220.000 $м^3$, ИМБ АД „Млекара“ 180.000 $м^3$ и други помали корисници 210.000 $м^3$ вода, или вкупно за оваа намена потребно е да се обезбедат 12.610.000 $м^3$ вода.

Загубите на вода како резултат на загуби од главен доводен канал и деталната цевководна мрежа, предвидено е да изнесуваат околу 1.500.000 $м^3$, а загубите како резултат на испарувањата на вода од акумулацијата 1.000.000 $м^3$, или вкупните објективни загуби предвидени се на 2.500.000 $м^3$ вода.

Вкупните количини вода кои треба да се обезбедат за непречено снабдување со вода на сите водокорисници изнесуваат 41.128.322 $м^3$ вода.

Со испораката на планираните количини на вода и од други приходи предвидено е во 2023 година да се оствари вкупен приход од водостопанска дејност во износ од 191.956.417 денари. Вкупните расходи во 2023 година планирани се да изнесуваат 430.814.530 денари, а вкупните расходи без амортизација планирани се да изнесуваат 184.050.436 денари.

Планираните финансиски резултати за 2023 година и движењето на финансиските показатели во однос на 2022 година подетално се прикажани во наредните табели, како и планираната сеидбена структура за 2023 година и ценовниците по култури за извршени услуги во водостопанската дејност за индивидуалните земјоделци и правните лица, кои ќе се применуваат во 2023 година.

**ГОДИШЕН ПЛАН**
**ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА ВОДИТЕ НА ЈП „СТРЕЖЕВО“ ВО 2023 ГОДИНА**
**ПО КОРИСНИЦИ И ПО КОЛИЧИНИ**

## 1. Количина на вода

Во 2023 година за снабдување со вода за наводнување на земјоделските култури, за снабдување со вода на ЈКП „Водовод“ - Битола за водоснабдување на населението, установите и претпријатијата, за снабдување со вода за индустриски и технолошки потреби на РЕК „Битола“ - Битола и останати индустриски корисници, како и за покривање на загубите на вода, се планира да се обезбедат 41.128.322 м$^3$ вода .

### 1.1. Наводнување

#### 1.1.1. Планирана бруто површина под систем за наводнување во ха:

| | | |
|---|---|---|
| - Правни лица | 10.129 | ха |
| - Индивидуални корисници | 8.988 | ха |
| **Вкупно** | **19.117** | **ха** |

#### 1.1.2. Планирани површини под култури кои ќе се наводнуваат во ха:

| | | |
|---|---|---|
| - Правни лица | 3.258 | ха |
| - Индивидуални корисници | 2.303 | ха |
| **Вкупно** | **5.561** | **ха** |

#### 1.1.3. Планирани количини на вода за површини кои ќе се наводнуваат (без губитоци):

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| - Правни лица | 3.258 ха х | 3.596 м$^3$/ха | 11.715.544 | м$^3$ |
| - Индивидуални корисници | 2.303 ха х | 4.039 м$^3$/ха | 9.302.778 | м$^3$ |
| **Вкупно** | 5.561 ха х | 3.780 м$^3$/ха | **21.018.322** | **м$^3$** |

### 1.2. Водоснабдување

#### 1.2.1. Планирани количини на вода за водоснабдување на ЈКП „Водовод“ - Битола:

| | | |
|---|---|---|
| - Домаќинства и установи | 3.400.000 | м$^3$ |
| - Претпријатија | 1.600.000 | м$^3$ |
| **Вкупно** | **5.000.000** | **м$^3$** |

#### 1.2.2. Водоснабдување на РЕК „Битола“ и останати индустриски и други корисници:

| | | |
|---|---|---|
| а) РЕК „БИТОЛА“ | 12.000.000 | м$^3$ |
| б) Останати индустриски корисници | 610.000 | м$^3$ |
| - Ф-ка за квасец | 220.000 | м$^3$ |
| - ИМБ АД „Млекара“ - Битола | 180.000 | м$^3$ |
| - Други корисници | 210.000 | м$^3$ |
| **Вкупно (а + б)** | **12.610.000** | **м$^3$** |
| **Вкупно 1.2.1. + 1.2.2.** | **17.610.000** | **м$^3$** |

### 1.3. Загуби на вода

| | | |
|---|---|---|
| - Загуби на вода од главен доводен канал и мрежа | 1.500.000 | м$^3$ |
| - Испарување од акумулација | 1.000.000 | м$^3$ |
| **Вкупно** | **2.500.000** | **м$^3$** |
| **Вкупно бруто вода (1.1 + 1.2 + 1.3)** | **41.128.322** | **м$^3$** |

**БИЛАНС НА ВОДИ ИСПОРАЧАНИ - ПРЕСМЕТАНИ**
**ВО ТЕКОВНАТА 2022 ГОДИНА И ПЛАНИРАНИ ВО НАРЕДНАТА 2023 ГОДИНА**

| Корисници | Планирана количина на вода во наредната 2023 година | Испорачана - пресметана количина на вода во тековната 2022 година | Индекс 2023/2022 година | Планирано процентуално учество на корисниците во наредната 2023 година |
|---|---|---|---|---|
| | во $m^3$ | во $m^3$ | | |
| 1. Наводнување | **21.018.322** | **17.160.111** | **122,48** | **54,41%** |
| 1.1. Правни лица | 11.715.544 | 9.116.237 | 128,51 | 30,33% |
| 1.2. Индивидуални корисници | 9.302.778 | 8.043.873 | 115,65 | 24,08% |
| 2. Водоснабдување - Битола | **5.000.000** | **4.172.159** | **119,84** | **12,94%** |
| 3. РЕК „Битола“ | **12.000.000** | **12.000.000** | **100,00** | **31,07%** |
| 4. Ф-ка за квасец и алкохол | **220.000** | **175.637** | **125,26** | **0,57%** |
| 5. Млекара АД Битола | **180.000** | **149.736** | **120,21** | **0,47%** |
| 6. Други корисници | **210.000** | **208.548** | **100,70** | **0,54%** |
| **Вкупно испорачана (пресметана)** | **38.628.322** | **33.866.190** | **114,06** | **100,00%** |
| 7. Загуби на вода-гл.канал и мрежа | **1.500.000** | **1.500.000** | **100,00** | |
| 8. Испарување од акумулација | **1.000.000** | **1.000.000** | **100,00** | |
| **Вкупно потрошена** | **41.128.322** | **36.366.190** | **113,09** | |

**ПРЕГЛЕД**
**на планирани површини под култури кои ќе се наводнуваат во наредната 2023 година**

| Култури | Површини под култури | | | | Потребна вода за наводнување | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Индивид. сектор ха | Правни лица ха | Вкупно ха | Нето норма $m^3$/ха | Индивид. сектор $m^3$ | Правни лица $m^3$ | Вкупно $m^3$ |
| | | | | | | | |
| **I култури** | **2.294** | **3.198** | **5.492** | | **9.277.776** | **11.503.564** | **20.781.340** |
| 1 Пченица | 29,0000 | 156,0000 | 185,0000 | 1.416 | 41.064 | 220.896 | 261.960 |
| 2 Јачмен | | | | 1.416 | | | |
| 3 Пченка | 1.237,0000 | 593,0000 | 1.830,0000 | 4.380 | 5.418.060 | 2.597.340 | 8.015.400 |
| 4 Соја | | | | 3.306 | | | |
| 5 Сончоглед | 4,0000 | 15,0000 | 19,0000 | 3.033 | 12.132 | 45.495 | 57.627 |
| 6 Маслодајна репа | | | | 1.416 | | | |
| 7 Семен.шеќ.репа | | | | 1.416 | | | |
| 8 Шеќерна репа | 2,5000 | 1,0000 | 3,5000 | 4.457 | 11.143 | 4.457 | 15.600 |
| 9 Тутун ситнолистен | 43,0000 | 1,4000 | 44,4000 | 2.046 | 87.978 | 2.864 | 90.842 |
| 10 Тутун крупнолистен | | | | 2.923 | | | |
| 11 Домати индустриски | 1,5000 | 0,5000 | 2,0000 | 4.394 | 6.591 | 2.197 | 8.788 |
| 12 Домати | 24,0000 | 3,0000 | 27,0000 | 4.394 | 105.456 | 13.182 | 118.638 |
| 13 Пиперки индустриски | 1,5000 | | 1,5000 | 4.788 | 7.182 | | 7.182 |
| 14 Пиперки | 383,0000 | 20,0000 | 403,0000 | 4.788 | 1.833.804 | 95.760 | 1.929.564 |
| 15 Грав, грашок | 5,0000 | | 5,0000 | 2.044 | 10.220 | | 10.220 |
| 16 Компири | 14,0000 | 1,0000 | 15,0000 | 2.674 | 37.436 | 2.674 | 40.110 |
| 17 Зелка | 24,0000 | | 24,0000 | 2.611 | 62.664 | | 62.664 |
| 18 Кромид | 3,0000 | | 3,0000 | 3.218 | 9.654 | | 9.654 |
| 19 Бостан | 25,0000 | 2,0000 | 27,0000 | 3.240 | 81.000 | 6.480 | 87.480 |
| 20 Наут | | | | 1.416 | | | |
| 21 Остан.град.култури | 57,0000 | 6,0000 | 63,0000 | 3.218 | 183.426 | 19.308 | 202.734 |
| 22 Луцерка | 24,0000 | 176,0000 | 200,0000 | 3.967 | 95.208 | 698.192 | 793.400 |
| 23 Ливади | 88,0000 | 13,0000 | 101,0000 | 2.046 | 180.048 | 26.598 | 206.646 |
| 24 Овоштарници | 123,0000 | 77,0000 | 200,0000 | 3.016 | 370.968 | 232.232 | 603.200 |
| 25 Лозја | 3,5000 | | 3,5000 | 2.879 | 10.077 | | 10.077 |
| 26 Хмељ | | | | 3.016 | | | |
| 27 Пч.сил.I култура + сирак | 202,0000 | 2.133,0000 | 2.335,0000 | 3.533 | 713.666 | 7.535.889 | 8.249.555 |
| **II култури** | **9,0000** | **60,0000** | **69,0000** | | **25.002** | **211.980** | **236.982** |
| 1 Пченка силажа II култура | 6,0000 | 60,0000 | 66,0000 | 3.533 | 21.198 | 211.980 | 233.178 |
| 2 Зелка (зимска) | 3,0000 | | 3,0000 | 1.268 | 3.804 | | 3.804 |
| 3 Сточен грашок | | | | 1.644 | | | |
| 4 Корнишони | | | | 2.700 | | | |
| 5 Остан.град.култури | | | | | | | |
| **Вкупно I + II** | **2.303,0000** | **3.257,9000** | **5.560,9000** | | **9.302.778** | **11.715.544** | **21.018.322** |
| | | | | | | | |
| **Просечна норма $m^3$/ха** | | | | | **4.039** | **3.596** | **3.780** |

**ЦЕНОВНИК ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ВОДОСТОПАНСКИ УСЛУГИ ВО 2023 ГОДИНА**
**ЗА ЗЕМЈОДЕЛИЕ - ПРАВНИ ЛИЦА И ОСТАНАТИ ВОДОКОРИСНИЦИ**

| Култури | Нето норма | Обезбед. вода | Искористена вода | | Се вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | $м^3$/ха | ден/ха | ден/$м^3$ | ден/ха | ден/ха |
| **А. Наводнување** | | | | | |
| **I. Култури** | | | | | |
| 1 Пченица | 1416 | 419,83 | 1,19159 | 1.687 | 2.107 |
| 2 Јачмен | 1416 | 419,83 | 1,19159 | 1.687 | 2.107 |
| 3 Пченка | 4380 | 419,83 | 1,19159 | 5.219 | 5.639 |
| 4 Соја | 3306 | 419,83 | 1,19159 | 3.939 | 4.359 |
| 5 Сончоглед | 3033 | 419,83 | 1,19159 | 3.614 | 4.034 |
| 6 Маслодајна репа | 1416 | 419,83 | 1,19159 | 1.687 | 2.107 |
| 7 Семен.шеќ.репа | 1416 | 419,83 | 1,19159 | 1.687 | 2.107 |
| 8 Шеќерна репа | 4457 | 419,83 | 1,19159 | 5.311 | 5.731 |
| 9 Тутун ситнолистен | 2046 | 419,83 | 1,19159 | 2.438 | 2.858 |
| 10 Тутун крупнолистен | 2923 | 419,83 | 1,19159 | 3.483 | 3.903 |
| 11 Домати индустриски | 4394 | 419,83 | 1,19159 | 5.236 | 5.656 |
| 12 Домати | 4394 | 419,83 | 1,19159 | 5.236 | 5.656 |
| 13 Пиперки индустриски | 4788 | 419,83 | 1,19159 | 5.705 | 6.125 |
| 14 Пиперки | 4788 | 419,83 | 1,19159 | 5.705 | 6.125 |
| 15 Грав, грашок | 2044 | 419,83 | 1,19159 | 2.436 | 2.855 |
| 16 Компири | 2674 | 419,83 | 1,19159 | 3.186 | 3.606 |
| 17 Зелка | 2611 | 419,83 | 1,19159 | 3.111 | 3.531 |
| 18 Кромид | 3218 | 419,83 | 1,19159 | 3.835 | 4.254 |
| 19 Бостан | 3240 | 419,83 | 1,19159 | 3.861 | 4.281 |
| 20 Наут | 1416 | 419,83 | 1,19159 | 1.687 | 2.107 |
| 21 Остан.град.култури | 3218 | 419,83 | 1,19159 | 3.835 | 4.254 |
| 22 Луцерка | 3967 | 419,83 | 1,19159 | 4.727 | 5.147 |
| 23 Ливади | 2046 | 419,83 | 1,19159 | 2.438 | 2.858 |
| 24 Овоштарници | 3016 | 419,83 | 1,19159 | 3.594 | 4.014 |
| 25 Лозја | 2879 | 419,83 | 1,19159 | 3.431 | 3.850 |
| 26 Хмељ | 3016 | 419,83 | 1,19159 | 3.594 | 4.014 |
| 27 Пченка силажа I култура | 3533 | 419,83 | 1,19159 | 4.210 | 4.630 |
| **II. Култури** | 0 | | | | |
| 1 Пченка силажа II култура | 3533 | 419,83 | 1,19159 | 4.210 | 4.630 |
| 2 Зелка (зимска) | 1268 | 419,83 | 1,19159 | 1.511 | 1.931 |
| 3 Сточен грашок | 1644 | 419,83 | 1,19159 | 1.959 | 2.379 |
| 4 Корнишони | 2700 | 419,83 | 1,19159 | 3.217 | 3.637 |
| 5 Остан.град.култури | | 419,83 | 1,19159 | | |
| **Корисници** | | | | | **Вк. цена** |
| | | | | | ден/$м^3$ |
| **В. Водоснабдување** | | | | | |
| 1 „Водовод“ - Битола | | | | | 5,56000 |
| 2 РЕК „Битола“ | | | | | 10,02755 |
| 3 Млекара АД Битола | | | | | 10,02755 |
| 4 Ф-ка за квасец | | | | | 10,02755 |
| 5 Други корисници | | | | | 10,02755 |

**ЦЕНОВНИК ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ВОДОСТОПАНСКИ УСЛУГИ ВО 2023 ГОДИНА**
**ЗА ЗЕМЈОДЕЛИЕ - ИНДИВИДУАЛНИ КОРИСНИЦИ И ОСТАНАТИ ВОДОКОРИСНИЦИ**

| Култури | Нето норма | Обезбед. вода | Искористена вода | | Се вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | $м^3$/ха | ден/ха | ден/$м^3$ | ден/ха | ден/ха |
| **А. Наводнување** | | | | | |
| **I. Култури** | | | | | |
| 1 Пченица | 1416 | 419,83 | 1,10437 | 1.564 | 1.984 |
| 2 Јачмен | 1416 | 419,83 | 1,10437 | 1.564 | 1.984 |
| 3 Пченка | 4380 | 419,83 | 1,10437 | 4.837 | 5.257 |
| 4 Соја | 3306 | 419,83 | 1,10437 | 3.651 | 4.071 |
| 5 Сончоглед | 3033 | 419,83 | 1,10437 | 3.350 | 3.769 |
| 6 Маслодајна репа | 1416 | 419,83 | 1,10437 | 1.564 | 1.984 |
| 7 Семен.шеќ.репа | 1416 | 419,83 | 1,10437 | 1.564 | 1.984 |
| 8 Шеќерна репа | 4457 | 419,83 | 1,10437 | 4.922 | 5.342 |
| 9 Тутун ситнолистен | 2046 | 419,83 | 1,10437 | 2.260 | 2.679 |
| 10 Тутун крупнолистен | 2923 | 419,83 | 1,10437 | 3.228 | 3.648 |
| 11 Домати индустриски | 4394 | 419,83 | 1,10437 | 4.853 | 5.272 |
| 12 Домати | 4394 | 419,83 | 1,10437 | 4.853 | 5.272 |
| 13 Пиперки индустриски | 4788 | 419,83 | 1,10437 | 5.288 | 5.708 |
| 14 Пиперки | 4788 | 419,83 | 1,10437 | 5.288 | 5.708 |
| 15 Грав, грашок | 2044 | 419,83 | 1,10437 | 2.257 | 2.677 |
| 16 Компири | 2674 | 419,83 | 1,10437 | 2.953 | 3.373 |
| 17 Зелка | 2611 | 419,83 | 1,10437 | 2.884 | 3.303 |
| 18 Кромид | 3218 | 419,83 | 1,10437 | 3.554 | 3.974 |
| 19 Бостан | 3240 | 419,83 | 1,10437 | 3.578 | 3.998 |
| 20 Наут | 1416 | 419,83 | 1,10437 | 1.564 | 1.984 |
| 21 Остан.град.култури | 3218 | 419,83 | 1,10437 | 3.554 | 3.974 |
| 22 Луцерка | 3967 | 419,83 | 1,10437 | 4.381 | 4.801 |
| 23 Ливади | 2046 | 419,83 | 1,10437 | 2.260 | 2.679 |
| 24 Овоштарници | 3016 | 419,83 | 1,10437 | 3.331 | 3.751 |
| 25 Лозја | 2879 | 419,83 | 1,10437 | 3.179 | 3.599 |
| 26 Хмељ | 3016 | 419,83 | 1,10437 | 3.331 | 3.751 |
| 27 Пченка силажа I култура | 3533 | 419,83 | 1,10437 | 3.902 | 4.322 |
| **II. Култури** | | | | | |
| 1 Пченка силажа II култура | 3.533 | 419,83 | 1,10437 | 3.902 | 4.322 |
| 2 Зелка (зимска) | 1.268 | 419,83 | 1,10437 | 1.400 | 1.820 |
| 3 Сточен грашок | 1.644 | 419,83 | 1,10437 | 1.816 | 2.235 |
| 4 Корнишони | 2.700 | 419,83 | 1,10437 | 2.982 | 3.402 |
| 5 Остан.град.култури | | 419,83 | 1,10437 | | |
| **Корисници** | | | | | **Вк. цена** |
| | | | | | **ден/$м^3$** |
| **В. Водоснабдување** | | | | | |
| 1 „Водовод“ - Битола | | | | | 5,56000 |
| 2 РЕК „Битола“ | | | | | 10,02755 |
| 3 Млекара АД Битола | | | | | 10,02755 |
| 4 Ф-ка за квасец | | | | | 10,02755 |
| 5 Други корисници | | | | | 10,02755 |

**РАСХОДИ РЕАЛИЗИРАНИ ВО ТЕКОВНАТА 2022 И ПЛАНИРАНИ ВО НАРЕДНАТА 2023 ГОДИНА**
**- ВОДОСТОПАНСКА ДЕЈНОСТ -**

| Ред. бр. | Конто | Опис | Реализирано во тековна 2022 година | Планирано во наредна 2023 година | Структура 2023 год. во % | Индекс 2023/2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 400 | Трошоци за суровини и материјали за про-во | 1.293.591 | 1.328.885 | 0,31% | 102,73 |
| 2 | 401 | Трошоци за материјали за администрација | 428.050 | 433.720 | 0,10% | 101,32 |
| 3 | 402 | Трошоци за енергија за производство | 8.374.796 | 8.538.143 | 1,98% | 101,95 |
| 4 | 403 | Трошоци за енергија за администрација | 3.703.543 | 3.764.978 | 0,87% | 101,66 |
| 5 | 404 | Рез. делови и матер. за одржување за про-во | 8.676.462 | 8.847.570 | 2,05% | 101,97 |
| 6 | 405 | Рез. делови и матер. за одржување за админ. | 51.609 | 52.357 | 0,01% | 101,45 |
| 7 | 407 | Ситен инвентар, амбалажа и автогуми за про-во | 820.763 | 836.278 | 0,19% | 101,89 |
| 8 | 408 | Ситен инвентар, амбалажа и автогуми за админ. | 168.052 | 170.405 | 0,04% | 101,40 |
| 9 | 410 | Транспортни услуги | 13.312 | 13.563 | 0,00% | 101,89 |
| 10 | 411 | Поштенски, телефонски и интернет услуги | 1.589.880 | 1.618.085 | 0,38% | 101,77 |
| 11 | 412 | Надв. услуги за израб. на добра и изврш. услуги | 47.000 | 47.877 | 0,01% | 101,87 |
| 12 | 413 | Услуги за одржување и заштита | 1.880.490 | 1.892.333 | 0,44% | 100,63 |
| 13 | 414 | Наем - лизинг | | | | |
| 14 | 415 | Комунални услуги | 417.943 | 427.474 | 0,10% | 102,28 |
| 15 | 417 | Трош. за реклама, пропаг. пром. саеми | 98.147 | 96.773 | 0,02% | 98,60 |
| 16 | 419 | Останати услуги | 620.538 | 631.119 | 0,15% | 101,71 |
| 17 | 420 | Плата и надоместоци на плата за производство | 85.195.356 | 85.152.758 | 19,77% | 99,95 |
| 18 | 421 | Плата и надоместоци на плата за админ. | 33.878.446 | 33.868.283 | 7,86% | 99,97 |
| 19 | 422 | Останати трошоци на вработените | 6.251.123 | 5.664.365 | 1,31% | 90,61 |
| 20 | 430 | Трошоци за амортиз. за производство | 246.281.503 | 245.542.658 | 56,99% | 99,70 |
| 21 | 431 | Трошоци за амортиз. на биолошки средства | | | | |
| 22 | 432 | Трошоци за амортиз. за администрација | 1.229.056 | 1.221.436 | 0,28% | 99,38 |
| 23 | 439 | Останати долг. резер. за трош. и ризици | | | | |
| 24 | 440 | Дневн. за службени патувања ноќевање и патни трош. | 128.882 | 125.662 | 0,03% | 97,50 |
| 25 | 441 | Надомест на трошоци на вработени | 1.133.557 | 1.369.255 | 0,32% | 120,79 |
| 26 | 442 | Трош.за надомест и др.примања на чл. на УО и НО | 1.596.945 | 1.386.648 | 0,32% | 86,83 |
| 27 | 443 | Трошоци за спонзорства и донации | 498.015 | 479.432 | 0,11% | 96,27 |
| 28 | 444 | Трошоци за репрезентација | 211.899 | 200.245 | 0,05% | 94,50 |
| 29 | 445 | Трошоци за осигурување | 3.076.509 | 4.085.670 | 0,95% | 132,80 |
| 30 | 446 | Банкарски услуги и трошоци за платен промет | 234.870 | 238.552 | 0,06% | 101,57 |
| 31 | 447 | Даноци кои не зависат од резултатот,членар. и др. | 430.539 | 361.333 | 0,08% | 83,93 |
| 32 | 448 | Трошоци за користење на права | 89.389 | 91.597 | 0,02% | 102,47 |
| 33 | 449 | Останати трошоци на работењето | 2.747.106 | 2.871.465 | 0,67% | 104,53 |
| 34 | 451 | Вредн.усогласување на материјални средства | | | | |
| 35 | 452 | Вредн. усоглас. на вложувања во недвижности | | | | |
| 36 | 455 | Вредн. усоглас. на краткор. побарувања | 684.552 | 680.395 | 0,16% | 99,39 |
| 37 | 460 | Загуба од расход на матер. средства | | | | |
| 38 | 464 | Кусоци, кало, растур, расип. и кршење | 23.500 | 19.975 | 0,00% | 85,00 |
| 39 | 466 | Расходи врз основа на отпис на побарувања | | | | |
| 40 | 468 | Казни, пенали, надомест за штети и др. | 34.600.729 | 3.454.942 | 0,80% | 9,99 |
| 41 | 469 | Останати расходи од работењето | | | | |
| 42 | 474 | Камати од работење со неповрзани друштва | 15.051.777 | 15.300.298 | 3,55% | 101,65 |
| 43 | 475 | Негативни курсни разлики | | | | |
| 44 | 700 | Трошоци за продадени производи и услуги | | | | |
| 45 | 701 | Набавна вредност на продадени стоки | | | | |
| 46 | 703 | Набавна вредност на продадени матер. | | | | |
| | | **I. Вкупни расходи** | **461.527.929** | **430.814.530** | **100,00%** | **93,35** |
| | | **Ia. Вкупни расходи - без амортизација** | **214.017.371** | **184.050.436** | | **86,00** |

**ПРИХОДИ РЕАЛИЗИРАНИ ВО ТЕКОВНАТА 2022 И ПЛАНИРАНИ ВО НАРЕДНАТА 2023 ГОДИНА**
**- ВОДОСТОПАНСКА ДЕЈНОСТ -**

| Ред. бр. | Опис | Реализирано во тековна 2022 година | Планирано во наредна 2023 година | Структура 2023 год. во % | Индекс 2023/2022 |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| | **А. Приходи од воден надомест** | **175.772.552** | **186.507.130** | **97,16%** | **106,11** |
| 1 | **Воден надомест - наводнување** | **27.641.819** | **32.259.724** | **16,81%** | **116,71** |
| | **а. Правни лица** | **15.083.539** | **18.212.583** | **9,49%** | **120,74** |
| | - Годишен надоместок: | 4.252.558 | 4.252.458 | 2,22% | 100,00 |
| | - Надоместок за искористена вода: | 10.830.981 | 13.960.125 | 7,27% | 128,89 |
| | **б. Индивидуални земјоделци** | **12.558.280** | **14.047.141** | **7,32%** | **111,86** |
| | - Годишен надоместок: | 3.773.459 | 3.773.432 | 1,97% | 100,00 |
| | - Надоместок за искористена вода: | 8.784.821 | 10.273.709 | 5,35% | 116,95 |
| 2 | **Водоснабдување на Битола** | **22.446.213** | **27.800.000** | **14,48%** | **123,85** |
| 3 | **РЕК „Битола“ - Битола** | **120.330.600** | **120.330.600** | **62,69%** | **100,00** |
| 5 | **Ф-ка за квасец - Битола** | **1.761.208** | **2.206.061** | **1,15%** | **125,26** |
| 6 | **Млекара ИМБ - Битола** | **1.501.485** | **1.804.959** | **0,94%** | **120,21** |
| 7 | **Други корисници** | **2.091.227** | **2.105.786** | **1,10%** | **100,70** |
| | **Б. Други приходи** | **7.782.762** | **5.449.287** | **4,24%** | **70,02** |
| | | | | | |
| | **II. Вкупен приход (А+Б)** | **183.555.314** | **191.956.417** | **118,21%** | **104,58** |
| | | | | | |

**БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА ТЕКОВНАТА 2022 И НАРЕДНАТА 2023 ГОДИНА**
**- ВОДОСТОПАНСКА ДЕЈНОСТ -**

| Ред. бр. | Конто | Опис | Реализирано во тековна 2022 година | Планирано во наредна 2023 година | Индекс 2023/2022 |
|---|---|---|---|---|---|
| | | **А. Расходи од водостопанска дејност** | | | |
| 1 | 400 | Трошоци за сур.и материјали за п-во | 1.293.591 | 1.328.885 | 102,73 |
| 2 | 401 | Трошоци за материјали за управа | 428.050 | 433.720 | 101,32 |
| 3 | 402 | Трошоци за енергија за производство | 8.374.796 | 8.538.143 | 101,95 |
| 4 | 403 | Трошоци за енергија за управа | 3.703.543 | 3.764.978 | 101,66 |
| 5 | 404 | Рез. делови и матер. за одржување за п-во | 8.676.462 | 8.847.570 | 101,97 |
| 6 | 405 | Рез. делови и матер. за одржување за управа | 51.609 | 52.357 | 101,45 |
| 7 | 407 | Ситен инвентар, амбалажа и автогуми за п-во | 820.763 | 836.278 | 101,89 |
| 8 | 408 | Ситен инвентар, амбалажа и автогуми за управа | 168.052 | 170.405 | 101,40 |
| 9 | 410 | Транспортни услуги | 13.312 | 13.563 | 101,89 |
| 10 | 411 | Поштенски, телефонски и интернет услуги | 1.589.880 | 1.618.085 | 101,77 |
| 11 | 412 | Надв.услуги за израб. на добра и изврш. услуги | 47.000 | 47.877 | 101,87 |
| 12 | 413 | Услуги за одржување и заштита | 1.880.490 | 1.892.333 | 100,63 |
| 13 | 414 | Наем - лизинг | | | |
| 14 | 415 | Комунални услуги | 417.943 | 427.474 | 102,28 |
| 15 | 417 | Трош. за реклама, пропаг. пром. саеми | 98.147 | 96.773 | 98,60 |
| 16 | 419 | Останати услуги | 620.538 | 631.119 | 101,71 |
| 17 | 420 | Плата и надоместоци на плата за п-во | 85.195.356 | 85.152.758 | 99,95 |
| 18 | 421 | Плата и надоместоци на плата за управа | 33.878.446 | 33.868.283 | 99,97 |
| 19 | 422 | Останати трошоци на вработените | 6.251.123 | 5.664.365 | 90,61 |
| 20 | 430 | Трошоци за амортиз. за производство | 246.281.503 | 245.542.658 | 99,70 |
| 21 | 431 | Трошоци за амортиз. на биолошки средства | | | |
| 22 | 432 | Трошоци за амортиз. за управа | 1.229.056 | 1.221.436 | 99,38 |
| 23 | 439 | Останати долг. резер. за трош. и ризици | | | |
| 24 | 440 | Днев.за служ.патувања, ноќевање и патни трош. | 128.882 | 125.662 | 97,50 |
| 25 | 441 | Надомест на трошоци на вработени | 1.133.557 | 1.369.255 | 120,79 |
| 26 | 442 | Трош.за надом.и др.прим.на чл. на УО и НО | 1.596.945 | 1.386.648 | 86,83 |
| 27 | 443 | Трошоци за спонзорства и донации | 498.015 | 479.432 | 96,27 |
| 28 | 444 | Трошоци за репрезентација | 211.899 | 200.245 | 94,50 |
| 29 | 445 | Трошоци за осигурување | 3.076.509 | 4.085.670 | 132,80 |
| 30 | 446 | Банкарски услуги и трошоци за платен промет | 234.870 | 238.552 | 101,57 |
| 31 | 447 | Даноци кои не зависат од резулт.членар.и др. | 430.539 | 361.333 | 83,93 |
| 32 | 448 | Трошоци за користење на права | 89.389 | 91.597 | 102,47 |
| 33 | 449 | Останати трошоци на работењето | 2.747.106 | 2.871.465 | 104,53 |
| 34 | 451 | Вредн.усогласување на материјални средства | | | |
| 35 | 452 | Вредн. усоглас. на вложувања во недвижности | | | |
| 36 | 455 | Вредн. усоглас. на краткор. побарувања | 684.552 | 680.395 | 99,39 |
| 37 | 460 | Загуба од расход на матер. средства | | | |
| 38 | 464 | Кусоци, кало, растур, расип. и кршење | 23.500 | 19.975 | 85,00 |
| 39 | 466 | Расходи врз основа на отпис на побар. | | | |
| 40 | 468 | Казни, пенали, надомест за штети и др. | 34.600.729 | 3.454.942 | 9,99 |
| 41 | 469 | Останати расходи од работењето | | | |
| 42 | 474 | Камати од работење со неповрзани друштва | 15.051.777 | 15.300.298 | 101,65 |
| 43 | 475 | Негативни курсни разлики | | | |
| 44 | 700 | Трошоци за продадени производи и услуги | | | |
| 45 | 701 | Набавна вредност на продадени стоки | | | |
| 46 | 703 | Набавна вредност на продадени материјали | | | |
| | | **I. Вкупни расходи** | **461.527.929** | **430.814.530** | **93,35** |
| | | **Ia. Вкупни расходи без амортизација:** | **214.017.371** | **184.050.436** | **86,00** |

| Ред. бр. | Конто | Опис | Реализирано во тековна 2022 година | Планирано во наредна 2023 година | Индекс 2023/2022 |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| | | **Б. Приходи од водостопанска дејност** | | | |
| 1 | 740 | Приходи од продажба на производи и услуги | 176.950.625 | 187.053.002 | 105,71 |
| 2 | 743 | Приходи од продажба на материјали | | | |
| 3 | 745 | Приходи од употреба на сопствени производи | | | |
| 4 | 747 | Приходи од закуп | | | |
| 5 | 749 | Останати приходи | 14.741 | 15.080 | 102,30 |
| 6 | 764 | Вишоци | | | |
| 7 | 765 | Приходи од наплатени отпишани побарувања | 457.230 | 448.193 | 98,02 |
| 8 | 767 | Прих. од премии, субвенции, дотации и донации | 1.904.171 | 1.856.213 | 97,48 |
| 9 | 769 | Останати приходи од работењето | 2.204.803 | 2.235.960 | 101,41 |
| 10 | 774 | Финансиски приходи | 2.023.744 | 347.968 | 17,19 |
| 11 | 776 | Приходи од вложувања во инвест. фондови | | | |
| 12 | 777 | Приходи од вредносно усогласување | | | |
| | | **II. Вкупни приходи** | **183.555.314** | **191.956.417** | **104,58** |
| | | | | | |
| | | **III. Деловен резултат ( II-I )** | **-277.972.615** | **-238.858.112** | **85,93** |
| | | | | | |
| | | **IIIa. Деловен резултат без амортиз. ( II-Ia )** | **-30.462.057** | **7.905.981** | **-25,95** |

## ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА - ХИДРОЦЕНТРАЛИ

Во 2023 година планирано е да се произведат од хидроцентралите и од новата фотонапонска централа 6.120.000 kWh електрична енергија. Трите хидроцентрали ХЕЦ „Стрежево“, „ХЕЦ Биолошки минимум“ и ХЕЦ „Експлоатационен минимум“ се централи на прибранска акумулација, а останатите две ХЕЦ „Филтерница“ и ХЕЦ „Довлеџик“ се деривациони. Новата Фотонапонска централа е лоцирана во кругот на браната од акумулацијата „Стрежево“.

Финансиската пресметка за планираното производство на електрична енергија од ХЕЦ „Стрежево“ и ХЕЦ „Биолошки минимум“ е направена по предвидена просечна пазарна цена од 12 денари за kWh произведена електрична енергија, додека за Фотонапонската централа пресметката е направена по предвидена просечна пазарна цена од 9 денари за kWh произведена електрична енергија. Планираното производство од ХЕЦ „Експлоатационен минимум“, ХЕЦ „Филтерница“, и ХЕЦ „Довлеџик“ е направена по повластена тарифа. Повластената тарифа за произведената електрична енергија по блокови изнесува 12 евро центи за kWh произведена електрична енергија до 85.000 kWh, 8 евро центи за произведена електрична енергија од 85.001 до 170.000 kWh, и 6 евро центи за произведената електрична енергија над 170.001 kWh. Пресметувањето во денари се врши согласно договорот со МЕПСО (МЕМО) по среден курс на НБМ (Народна Банка на РСМ) од последниот работен ден во месецот.

Основни карактеристики на хидроцентралите се следните:

**1.** ХЕЦ „Стрежево“ како што е наведено претходно е прибранска хидроцентрала со инсталирана снага од 2.400 kW, со три синхрони самовозбудни генератори и три Франсисови турбини. Инсталираниот проток на вода по турбина изнесува 2,7 м$^3$/сек. и нето пад од 30 метри. Предавањето на електрична енергија во мрежата е преку два енергетски трансформатори на 35 KV-но напонско ниво. ХЕЦ „Стрежево“ работи главно во периодот кога се врши наводнување на земјоделските култури. Проектираното производство на електрична енергија изнесува 5.500.000 kWh електрична енергија годишно. Во планот за производство се планираат да се производат 2.650.000 kWh електрична енергија. Од тоа за други потрошувачи преку електричната мрежа планирано е да се испорачаат 2.640.000 kWh електрична енергија, како и за сопствени потреби планирано е да се потрошат 10.000 kWh. Вкупните приходи се планирани да изнесуваат 31.800.000 денари, од кои 31.680.000 денари за предадена електрична енергија на МЕМО како оператор на пазарот на електрична енергија, и 120.000 денари приходи за потрошена електрична енергија за сопствени потреби.

**2.** ХЕЦ „Биолошки минимум“ е едноагрегатна хидроцентрала со инсталирана снага од 132 kW, со асинхрон генератор и Франсисова турбина. Инсталираниот проток на вода изнесува 0,290 м$^3$/сек и нето пад од 30 - 62 метри. Работи континуирано преку целата година и ја користи водата што се испушта од акумулацијата „Стрежево“ како биолошки минимум во реката Шемница. Проектираното производство на електрична енергија изнесува 800.000 kWh годишно (табела 1). Во планот за производство се планираат да се произведат вкупно 800.000 kWh електрична енергија. Од тоа за други потрошувачи планирано е да се испорачаат 642.000 kWh електрична енергија, додека за сопствени потреби планирано е да се потрошат 158.000 kWh електрична енергија. Вкупниот приход планирано е да изнесува 9.600.000 денари, од кои 7.704.000 денари за предадена електрична енергија на оператор и 1.896.000 денари приход за потрошена електрична енергија за сопствени потреби.

**3.** ХЕЦ „Експлоатационен минимум“ е едноагрегатна хидроцентрала со инсталирана максимална снага од 340 kW, со синхрон генератор и Франсисова турбина. Инсталираниот

максимален проток на вода изнесува 1,2 $м^3$/сек и висински пад од 18 - 42 метри. Проектираното производство на електрична енергија изнесува 1.500.000 - 2.000.000 kWh годишно (табела 1). Во планот за производство се планираат да се произведат вкупно 650.000 kWh електрична енергија. Од тоа за други потрошувачи планирано е да се испорачаат 645.000 kWh електрична енергија и 5.000 kWh да се потрошат за сопствени потреби. Вкупните приходи планирано е да изнесуваат 4.636.996 денари, од кои 4.602.447 денари за предадена електрична енергија на оператор и 34.549 денари за потрошена електрична енергија за сопствени потреби.

**4.** ХЕЦ „Филтерница“ е со еден агрегат со Пелтонова турбина, инсталирана снага од 380 kW, нето пад од 150 метри и проток од 0,340 $м^3$/сек. Работи на водите од алиментациониот канал на Стрежево, кои преку водозафатниот објект и цевководот се донесуваат до ХЕЦ „Филтерница“. Проектираното производство на електрична енергија изнесува 1.490.000 kWh годишно (табела 1). Во планот за производство се планираат да се произведат вкупно 1.400.000 kWh електрична енергија. Од тоа за други потрошувачи планирано е да се испорачаат 1.391.000 kWh електрична енергија и 9.000 kWh да се потрошат за сопствени потреби. Вкупните приходи планирано е да изнесуваат 8.575.605 денари, од кои 8.521.313 денари за предадена електрична енергија на оператор и 54.292 денари за потрошена електрична енергија за сопствени потреби.

**5.** ХЕЦ „Довлеџик“ е исто со еден агрегат со Пелтонова турбина, инсталирана снага од 460 kW, нето пад од 109 метри и проток од 0,500 $м^3$/сек. Работи на водите од алиментациониот канал на Стрежево, односно вишокот на вода од ХЕЦ „Филтерница“ кој не го користи „Водовод“ и вишоците од р. Сапунчица и р. Црвена. Водите се донесуваат преку цевководот на Водовод кој има двојна намена. Во летниот период кога има недостиг на вода , Водовод преку пумпната станица во Довлеџик однесува вода до нивната филтерница зафаќајќи вода од зафатот на Стрежево, додека во периодот на вишоци на вода, преку истиот цевковод водите се донесуваат до ХЕЦ „Довлеџик“, со што истата се става во погон. Проектираното производство на електрична енергија изнесува 1.430.000 kWh годишно (табела 1). Во планот за производство се планираат да се произведат вкупно 350.000 kWh електрична енергија. Од тоа за други потрошувачи планирано е да се испорачаат 346.000 kWh електрична енергија и 4.000 kWh да се потрошат за сопствени потреби. Вкупните приходи планирано е да изнесуваат 2.378.959 денари, од кои 2.351.813 денари за предадена електрична енергија на оператор и 27.146 денари за потрошена електрична енергија за сопствени потреби.

**6.** Фотонапонската централа за производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија, во конкретниот случај од сончева енергија, поставена е во кругот на браната од акумулацијата „Стрежево“. Вкупната моќност на фотонапонската електрична централа е со номинална вредност од 499,20 kW. Проектираното годишно производство на електрична енергија изнесува 712.000 kWh. Во планот за производство се планираат да се произведат 270.000 kWh електрична енергија почнувајќи со редовно производство од август месец 2023 година. Вкупните приходи планирано е да изнесуваат 2.430.000 денари за произведена електрична енергија и планирани се приходи од премија за произведена електрична енергија од фотонапонски централи која изнесува 15 EUR/MWh, или 249.750 денари за произведени 270.000 kWh.

Вкупното производство на електрична енергија за 2023 година планирано е да изнесува 6.120.000 kWh, при што се очекуваат вкупни приходи во износ од 59.671.310 денари. Планирани се вкупни расходи во износ од 7.011.622 денари, или без амортизација 4.702.375 денари.

## ГОДИШЕН ПЛАН ЗА РАБОТЕЊЕТО ВО 2023 ГОДИНА
## ПРОИЗВОДСТВО И ПРОДАЖБА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

Ј.П. „Стрежево“ - Битола, има изградено пет мали хидроцентрали за производство на електрична енергија, се со цел за максимално искористување на хидроенергетскиот потенцијал на водите. Хидроцентралите ги имаат следните карактеристики:

| Објект | Локација | Инсталирана снага | | Проектирано производство | |
|---|---|---|---|---|---|
| ХЕЦ „Стрежево“ | Брана „Стрежево“ | 2.400 | kW | 5.500.000 | kWh |
| ХЕЦ „Биолошки мин.“ | Брана „Стрежево“ | 132 | kW | 800.000 | kWh |
| ХЕЦ „Експлоат. мин.“ | Брана „Стрежево“ | 340 | kW | 2.000.000 | kWh |
| ХЕЦ „Филтерница“ | Собирен канал | 380 | kW | 1.490.000 | kWh |
| ХЕЦ „Довлеџик“ | Систем „Драгор“ | 460 | kW | 1.430.000 | kWh |
| Фотонапонска централа | Брана „Стрежево“ | 500 | kW | 712.000 | kWh |
| Вкупно | | 4.212 | kW | 11.932.000 | kWh |

**Табела 1**

Во 2023 година планирано е да се произведат вкупно 5.470.000 kWh електрична енергија. Во Табела 2 подетално е презентирано планираното производство по електрани:

| Објект | Напон на пренос | Вкупно производство | |
|---|---|---|---|
| ХЕЦ „Стрежево“ | 35 kV | 2.650.000 | kWh |
| ХЕЦ „Биолошки мин.“ | 35 kV | 800.000 | kWh |
| ХЕЦ „Експлоат. мин.“ | 35 kV | 650.000 | kWh |
| ХЕЦ „Филтерница“ | 10 kV | 1.400.000 | kWh |
| ХЕЦ „Довлеџик“ | 10 kV | 350.000 | kWh |
| Фотонапонска централа | 35 kV | 270.000 | kWh |
| Вкупно | | 6.120.000 | kWh |

**Табела 2**

ЈП „Стрежево“ - Битола се стекна со стаус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија за произведената електрична енергија од ХЕЦ „Експлоатационен минимум“ (Решение од 31.12.2014 Сл.весник на РМ 01/2015), ХЕЦ „Филтерница“ (Решение од 15.11.2019 Сл. весник на РСМ 241/2019), ХЕЦ „Довлеџик“ (Решение од 15.11.2019 Сл. весник на РСМ 241/2019), Фактурирањето за произведена електрична енергија од овие хидроцентрали во 2023 година ќе се врши по повластена тарифа кон МЕМО ДООЕЛ Скопје, како оператор на пазарот на електрична енергија. Повластената тарифа за произведената електрична енергија по блокови изнесува 12 евро центи за kWh произведена електрична енергија до 85.000 kWh, 8 евро центи за произведена електрична енергија од 85.001 до 170.000 kWh, и 6 евро центи за произведената електрична енергија над 170.001 kWh. Пресметувањето во денари се врши согласно договорот со МЕПСО (МЕМО) по среден курс на НБМ (Народна Банка на РМ) од последниот работен ден во месецот.

Произведената електрична енергија од ХЕЦ „Стрежево“ и ХЕЦ „Биолошки минимум“, во 2023 година ќе се пласира преку оператор по пазарни цени согласно условите од договорот. По завршувањето на договорот повторно ќе се спроведе постапка за избор на најповолен понудувач за продажба на електрична енергија. Произведената електрична енергија од фотонапонската централа ќе се пласира на слободен пазар по пазарни цени по спроведена постапка за избор за најповолен понудувач.

## РЕАЛИЗИРАНО ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ВО ТЕКОВНАТА 2022 И ПЛАНИРАНО ВО НАРЕДНАТА 2023 ГОДИНА

| Ред. бр. | | Опис | Реализирано во тековна 2022 година | Планирано во наредната 2023 година | Индекс 2023/2022 |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | kWh | kWh | |
| | | | | | |
| | | **Производство на електрична енергија во kWh** | | | |
| 1 | | ХЕЦ „Стрежево“ | 1.999.463 | 2.650.000 | 132,54 |
| 2 | | ХЕЦ „Биолошки минимум“ | 748.879 | 800.000 | 106,83 |
| 3 | | ХЕЦ „Експлоатационен минимум“ | 514.319 | 650.000 | 126,38 |
| 4 | | ХЕЦ „Филтерница“ | 1.357.568 | 1.400.000 | 103,13 |
| 5 | | ХЕЦ „Довлеџик“ | 341.772 | 350.000 | 102,41 |
| 6 | | Фотонапонска централа | | 270.000 | |
| | | **Вкупно** | **4.962.001** | **6.120.000** | **123,34** |

## РАСХОДИ И ПРИХОДИ ОСТВАРЕНИ ВО ТЕКОВНАТА 2023 И ПРЕТХОДНАТА 2022 ГОДИНА - ПРОИЗВОДСТВО И ПРОДАЖБА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА -

| Ред. бр. | Конто | Опис | Реализирано во тековна 2022 година | Планирано во наредна 2023 година | Индекс 2023/2022 |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Износ | Износ | |
| 1 | 400 | Трошоци за суровини и материјали за производство | 43.591 | 44.202 | 101,40 |
| 2 | 402 | Трошоци за енергија за производство | 1.094.811 | 1.111.234 | 101,50 |
| 3 | 404 | Резервни делови и материјали за одржување про-во | 109 | 113 | 103,10 |
| 4 | 407 | Ситен инвентар, амбалажа и автогуми производство | 5.580 | 5.720 | 102,50 |
| 5 | 410 | Транспортни услуги | | | |
| 6 | 411 | Поштенски, телефонски и интернет услуги | 28.129 | 28.692 | 102,00 |
| 7 | 412 | Надв. услуги за изработка на добра и извршени услуги | | | |
| 8 | 413 | Услуги за одржување и заштита | 18.480 | 20.069 | 108,60 |
| 9 | 415 | Комунални услуги - дератизација | 8.400 | 10.080 | 120,00 |
| 10 | 417 | Трошоци за реклама, пропаганда, промоции, саеми | | | |
| 11 | 419 | Останати услуги | 251.043 | 259.362 | 103,31 |
| 12 | 420 | Плата и надоместоци на плата за производство | 1.444.850 | 1.444.272 | 99,96 |
| 13 | 422 | Останати трошоци за вработените | 43.834 | 40.500 | 92,39 |
| 14 | 430 | Трошоци за амортизација за производство | 2.293.195 | 2.309.248 | 100,70 |
| 15 | 440 | Дневн.за службени патувања, ноќевања и патни трош. | 25.090 | 5.400 | 21,52 |
| 16 | 441 | Надомест на трошоци на вработени | 34.057 | 34.078 | 100,06 |
| 17 | 443 | Трошоци за спонзорства и донации | | | |
| 18 | 444 | Трошоци за репрезентација | 13.306 | 12.931 | 97,18 |
| 19 | 445 | Трошоци за осигурување | 864.146 | 1.151.054 | 133,20 |
| 20 | 447 | Даноци кои не зависат од резултатот, членарини, и др. | 667.544 | 494.896 | 74,14 |
| 21 | 448 | Трошоци за користење на права | 7.640 | 35.565 | 465,51 |
| 22 | 449 | Останати трошоци на работењето | 4.125 | 4.207 | 102,00 |
| 23 | 452 | Вредносно усогласување на вложувања во недвижности | | | |
| 24 | 464 | Кусоци, кало, растур, расипување и кршење | | | |
| 25 | 468 | Казни, пенали, надомест за штети и др. | | | |
| 26 | 474 | Камати од работењето со неповрзани друштва | | | |
| | | **I. Вкупни расходи** | **6.847.932** | **7.011.622** | **102,39** |
| | | **Ia. Вкупни расходи - без амортизација** | **4.554.737** | **4.702.375** | **103,24** |
| 1 | 740 | **Приходи од продажба на електрична енергија** | **66.234.763** | **57.289.573** | **86,49** |
| 1.1. | | ХЕЦ „Стрежево“ | 43.700.957 | 31.680.000 | 72,49 |
| 1.2. | | ХЕЦ „Биолошки минимум“ | 8.562.196 | 7.704.000 | 89,98 |
| 1.3. | | ХЕЦ „Експлоатационен минимум“ | 3.713.851 | 4.602.447 | 123,93 |
| 1.4. | | ХЕЦ „Филтерница“ | 7.971.228 | 8.521.313 | 106,90 |
| 1.5. | | ХЕЦ „Довлеџик“ | 2.286.531 | 2.351.813 | 102,86 |
| 1.6. | | Фотонапонска централа | | 2.430.000 | |
| 2 | **745** | **Приходи од произв. на ел. ен. за сопст. потреби** | **1.897.014** | **2.131.987** | **112,39** |
| 3 | **767** | **Приходи од субвенции и донации** | | **249.750** | |
| 4 | **769** | **Останати приходи од работење - надомест на штета** | | | |
| | | **II. Вкупни приходи** | **68.131.777** | **59.671.310** | **87,58** |
| | | **III. Деловен резултат (II-I)** | **61.283.845** | **52.659.688** | **85,93** |
| | | **IIIa. Деловен резултат без амортизација (II-Ia)** | **63.577.040** | **54.968.935** | **86,46** |

## ПРОИЗВОДСТВО НА РИБИ – АКВАКУЛТУРА И ПРОДАЖБА

Производството на риби - аквакултурата и продажбата на риба како една од дејностите која ги обавува ЈП „Стрежево“ го опфаќа целокупното работење што се одвива во објектите на Рибник и во Рибарницата.

Рибникот се наоѓа на просторот под Браната „Стрежево“ и ги користи водите што се испуштаат од акумулацијата во реката Шемница, за обезбедување на неопходниот биолошки минимум. Производството на риба се одвива во 22 базени, поставени во 3 батерии со капацитет над 60 тони риба годишно.

Со планот за 2023 година се предвидува да се произведат и да се продадат на пазарот 64,0 тони конзумна риба. Од вкупната количина на произведена виножитна пастрмка, во планот е предвидено да се продадат преку други рибарници и хотелско – угостителски објекти околу 40,7 тони риба, а преку рибарницата на ЈП „Стрежево“ планирано е да се продадат 23,3 тони риба. Покрај виножитна пастрмка, преку рибарницата е планирано да се продадат и одредени количини на риба крап, како и други видови на замрзната морска риба, конзерви од риба и друга стока.

Циклусот на товењето на рибата и постигнувањето на оптимална конзумна тежина (0,200 - 0,250 кг, па и повеќе) е исклучително важно да се прилагоди на побарувачката на пазарот. Тоа би довело до поголема продажба од причина што во периодот на зголемена побарувачка, рибникот би можел да ги задоволи со поголем процент потребите од риба во Битола и пошироко. Од друга страна залихите би се движеле во оптимални рамки, и со зголемената продажба на риба, рибникот би се ослободил од поголеми залихи. Оптималните залихи би значеле и поголем простор за непречен и здрав развој на останатите количини на риби, како и помала потрошувачка на храна за рибите.

Континуираното снабдување на рибникот со квалитетна храна за риби и со асортиман според потребите за секоја фаза од развој на рибата исто така е значајно. Тоа би овозможило интензивен и постојан развој и раст на рибата за периодот кога е најбарана на пазарот. Тоа на посреден начин би довело и до заштеда на храната за риби.

Коефициентот на конверзија на рибата (храна/риба) се проектира да изнесува 1,25. Тоа би значело дека за секој дел на прираст на рибите би биле потребни 1,25 дела храна за риби. Овај коефициент би се постигнал и со посебно залагање на вработените на начин што рибата би се хранела во количини и на временски интервали зависно од сите претпоставки и услови што ги утврдила науката во таа област (температура на водата, густина на рибите во базените и нивно сортирање, фазата на развој, а соодветно на тоа и видот на храната).

